**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-3038/2**

**З А П И С Н И К**

**Од 88-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 30.05.2019 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов, Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи, Гајур Рамадани и Златко Јанковски.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека .

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Арун Ибраими-замнеик директор на МРТ,Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Дамјан Галевски-Одделение за јавни набавки МРТ и Анета Андонова-Главен и одговорен уредник на Прв програмски сервис МТВ.

Седницата започна во 13:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот Совет на МРТ едногласно го усвои дневниот ред:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 87-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година.

4. Разгледување на Информации по предходни заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.

5. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на Записникот од 87-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 87-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 87-ма седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет едногласно **го усвои** запсиникот од 87-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување Финансиски план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Горан Атанасов директор на заеднички служби и администрација кој детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства ставка по ставка.Горан пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквата измена на Финансискиот план за 2019 година,односно појасни пред присутните дека пренамената всушност се врши на начин што се крати од средствата предвидени за топлинската енергија а се додава на средсвата за набавка на електрична енергија.
По расправата Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства беше ставен на гласање.

■ **Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година,со пренамена на средства **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

*Врз основа на член 124 став 1 алинеа 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18,247/18 и 27/19) и член 43 став 1 алинеа 7 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на ЈРП МРТ на својата 88-ма седница одржана на ден 30.05.2019 година,по разгледувањето на Финанисискиот план за измена на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 г., со пренамена на средства,ја донесе следнава*

***О Д Л У К А***
***за усвојување на Финансиски план за измена на***
***Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 г.***
***со пренамена на средства***

***I.*** *Програмскиот совет на ЈРП МРТ, на предлог на Директорот на МРТ,го разгледа и го усвои Финанисискиот план за измена на Годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 г. со пренамена на средства.*

***II.*** *Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.*
***III.*** *Примерок од Одлуката да се достави до:*

- *Сектор за правни работи и човечки ресурси;*
- *Сектор за финансиско работење;*
- *Сектор за комерција и јавни набавки;*
- *Одделение за планирање и реализација на буџети;*
- *Одделение за поддршка на ПС и НО;*
- *Архивата на МРТ.*

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Дамјан Галевски од одделението за јавни набавки во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година.Дамјан пред присутните објасни зошто и од кои причини се прави ваквата измена на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година, и дека истата промена е од истите причини како предходната точка од промената на Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година.
По расправата Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година беше ставен на гласање.

■**Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на годишниот План за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

*Врз основа на член 124,став 1,алинеа 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18 247/18 и 27/19),и член 43,став 1,алинеа 10 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот Совет на МРТ на својата 88-ма седница одржана на 30.05.2019 год.,по разгледувањето на Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година, ја донесе следнава*

***О Д Л У К А***
***за усвојување на План за изменување на***
***Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2019 година***

***I.** Програмскиот совет на МРТ, го разгледа и го усвои Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2019 година.*

***II.** Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.*

***III.** Примерок од Одлуката да се достави до:*
- *Сектор за правни работи и човечки ресурси;*
- *Сектор за финансиско работење;*
- *Сектор за комерција и јавни набавки;*
- *Одделение за планирање и реализација на буџети;*
- *Одделение за поддршка на ПС и НО;*
- *Архивата на МРТ.*

ТОЧКА 4:**Разгледување на Информации по предходни заклучоци од Програмскиот совет на МРТ.**
По однос на расправата по оваа точка повикана беше Анета Андонова Главен и одговорен уредник на првиот програмски сервис во МТВ да се произнесе по барњето од новинарот уредник Душко Арсовски кое беше разгледувано на предходна седница на советот.Анета во продолжение објасни дека внимателно го прочитала барањето на новинарот Душко Арсовски и појасни пред присутните дека споменатиот не е во никоја смисла ниту деградиран ниту прераспределен на другор работно место, односно како уредник, но и заеднички со другите наделжни уредници во повеќе наврати сме се обиделе да му дадеме одредени задолженија на и најразлични проекти за работа но секојпат неговите барања се нереални, или пак не

соодејствуваат со правилата за работа во МТВ.На крај понудено му е и да уреднува Вести на програмите на МТВ,но и тоа не го прифати.
Членот Ристе Панов по барањето од Душко Арсовски појасни дека иако од тоа што е наведено во самото барње се гледа дека не се констатирани никакви прекршувања советот како тело нема ниту надлежност да се впушта во решавања на некакви процеси кои прозилегуваат од работни односи внатре во куќата, и дека таквите работи треба да се препуштат на уредничкиот и менаџерскиот тим во МРТ.
Претседателката потоа побара од уредничката да објасни како помина Евросонгот во Тел Авив генерално и импресиите од успехот кој го имаше нашата претставничка таму.
Анета Андонова прво објасни дека целиот тим на МРТ заедно со Тамара Тодевска извојува огромен успех на Евросонгот односно најголем до сега од кога се настапува таму,и дека МРТ добила големи пофалби од сите фактори таму кои се засегнати со организација и пренос на Евросонгот, потоа дополни дека целиот настан поминал во најдобар ред и дека во најдобро светло била претставена и МРТ и нашата држава.
Членот на советот Снежана Клинчарова упати прашање зошто на приемот кај претседателот на Владата организиран по повод успехот на Евросонгот не биле присутни ниту Анета како одговорен уредник, ниту пак Мери Попова како уредник на музичката редкација надлежна за самиот Евросонг.Анета одговори дека ниту самата таа а ниту Мери ниту пак МРТ добила било каква официјална покана за присуство на споменатиот прием, па поради тоа не присуствувал никој од уредниците.
После расправата по оваа точка Програмскиот совет на МРТ двата проекти кои беа реализирани во изминатиот период:ТВ преносот од посетатата на поглаварот на римокатоличката црква-Папата Франциск во Скопје и Настапот на македонската претставничка на овогодинешниот Евросонгот во Тел Авив, едногласно ги оцени како исклучително успешни.

**ТОЧКА 5:Разно.**
Членот на советот Ведат Мемедалија по оваа точка предложи Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ,Заменикот на директорот на МРТ и Секторот за правни работи и човечки ресурси на МРТ да дадат Информации по однос на следниве задолженија искажани во ревизорскиот извештај на ДЗР,како и да обезбедат свое присуство на наредна седница на Програмски совет на МРТ:
-Правилник за систематизација на работни места,
-Акт Стратегија-Порграма за развој на МРТ.
-Инплементација на законот за јазици во МРТ.
Информацијата да биде доставена до Програмскиот совет на МРТ во рок од 10 дена.

Заклучокот беше едногласно усвоен од Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател